# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 2,
**Четврток,**
15-3-2012

СЗПМ

**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**




ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ

# Потребно е вонредно зголемување на пензиите

На 29 февруари 2012 година во Скопје се одржа четвртата седница на Собранието на СЗПМ. На седницата, со која раководеше претседателот Драги Аргировски, од вкупно 66, присуствуваа 63 члена на Собранието. Се расправаше главно за завршната сметка на СЗПМ и за извештајот за работа во 2011 година, а беа усвоени финансискиот план и програмата за работа во 2012 година.

Уводни напомени по извештајот за работа во 2011 година даде Методија Тошевски, потпретседател на ИО, кој во кратки црти го опиша одбележувањето на 65-годишнината на пензионерското организирање во Македонија, а потоа истакна и неколку најбитни сегменти од успешното работење на СЗПМ и на неговите органи и тела. Во дискусијата Доне Николовски, претседател на надзорниот одбор, укажа на позитивните финансиски резултати и домаќинското работење, а Љубомир Ѓорѓиев и Благој Анѓушев се заложија за решавање на деловниот простор на СЗПМ со партиципација на средства и од здруженијата. Илија Адамоски истакна дека успесите се евидентни, но дека треба повеќе да се води сметка за материјално-социјалната сигурност на пензионерите и за нивната здравствената заштита. Поликсена Тунтева нагласи дека извештајот е сеопфатен и се разликува од досегашните стандарди, како и дека за работата на Сојузот може да се кажат само пофални зборови. Лазар Атанасов и Спасе Цуцулески ги поздравија резултатите од работата, а го истакнаа проблемот на намалениот просек на пензиите кај инвалидските пензионери. Во својата дискусија Јован Дамчески го изнесе проблемот со загрозениот стандард на пензионерите од новата скапотија со зголемените цени на струјата, парното, бензините и на прехранбените артикли и се заложи за побрзо вонредно зголемување на пензиите, особено на оние со најниски примања. Ова го поддржа и Данче Даскаловска откако изнесе мошне пофални зборови за извештајот. Дека извештајот не е стереотипен укажаа и Зоре Мицкоски и Љубица Кузмановска, како и потпретседателот на собранието Бесник Поцеста, кој посебно се задржа на успесите во зацврстувањето на меѓуетничките односи и соживот во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како и за успесите во информирањето на членството и јавноста.

Извештајот за работата на СЗПМ и на неговите органи и тела за 2011 година беше едногласно усвоен.

Уводни напомени по програмата за работа во 2012 година даде Станка Трајкова, секретарка на ИО, истакнувајќи дека програмата е квалитетно подготвена и насочувачка и таа е објавена во „Пензионер плус“. Таа посебно се задржа на потребата од донесување закон за пензионерско организирање во Македонија.

Членовите на Собранието на СЗПМ едногласно ги усвоија и Правилникот за спортски игри на пензионерите и Правилникот за Ревии на песни, музика и игри.

К.С.А

АНКЕТА ЗА ПРИЛОГОТ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“ И НА СЗПМ

# Проширен видикот за пензионерите

Добро е што во еден од најчитаните и првиот весник во Република Македонија може да се прочита нешто повеќе и за животот на пензионерите, но и да се дадат предлози за решавање некои проблеми, кои можат да им користат не само на здруженијата туку и на институциите на државава

По излегувањето на подлистокот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“, во редакцијата стигнаа повеќе позитивни реакции за ваквата иницијатива. За да дознаеме повеќе мислења на пензионери и наши читатели, направивме мала анкета во неколку града од Републикава. Од нивните искази се наметна заклучокот дека со обновувањето на „Пензионерски видици“ во најстарото и најчитано гласило во Македонија се прошири видикот за пензионерите и сега сите ќе можат нешто повеќе да дознаат за животот и за активностите на припадниците на третата животна доба. Во овој број на весникот донесуваме неколку такви искажувања.

**Драги Стоилковски, пензионер од Куманово:**



- Со излегувањето на „Пензионерски видици“ информациите за животот и проблемите на најстарата популација во Македонија ќе бидат достапни до пошироката јавност и сега, за нас и за нашите активности, повеќе ќе дознаат и другите граѓани и институциите на државата. Навистина го поздравувам ваквиот потег на Сојузот на здруженијата на пензионерите, бидејќи со оваа иницијатива, како и со многу други акции, сѐ повеќе се прави за исполнувањето на правата на пензионерите, за задоволувањето на нивните потреби и подобрувањето на квалитетот на животот на старите лица.

**Јордан Арсовски, пензионер од Скопје:**



- Со „Пензионерски видици“ и нашиот весник „Пензионер плус“ доби засилување во информирањето на пензионерите, но и на пошироката јавност. Сите граѓани на Република Македонија сега ќе имаат можност да се запознаат со многубројните активности што ги организира и спроведува СЗПМ, а кои имаат за цел создавање услови за полесно совладување на проблемите и подобрување на животот и здравјето на членството. Бездруго, сето ова придонесува и кон облагородувањето и продолжувањето на процесот на активното стареење кај нас пензионерите.

**Шабан Сабриу, пензионер од Тетово:**



- Многу позитивно го оценувам овој потег на Сојузот на здруженијата на пензионери, кој во соработка со „Нова Македонија“ и оваа иницијатива ја претвори во реалност и го зголеми информативниот простор за пензионерите. Исто така, за поздравување е и излегувањето една страница на албански јазик во весникот „Пензионер плус“, како и една страница месечно за активностите на пензионерите во весникот „Коха“, што е од исклучително значење за зацврстување на соживотот, на меѓусебното разбирање и на мултиетничноста во Република Македонија.

**Пандора Цанева, пензионерка од Скопје:**



- Особено ме радува што сега повеќе ќе се дознае и за дејствувањето на жените-пензионерки, кои се еднакво вклучени во активностите на здруженијата и преку разни облици придонесуваат во подобрувањето на пензионерскиот живот. Во нашето здружение „Чаир и Бутел“ е зголемен интересот за излегувањето на „Пензионерски видици“ и затоа, наместо на 50, сега ќе се претплатиме на 70 примероци.

**Јован Дамчески, пензионер од Крушево:**



- Добро е што во еден од најчитаните и првиот весник на Република Македонија може да се прочита нешто повеќе и да се дознае за животот на пензионерите, но и да се чуе нивното мислење, да се разменат информации и да се дадат предлози за решавање некои проблеми, кои можат да им користат не само на здруженијата туку и на институциите на државата. Нашето мислење треба да се респектира и да сеползува нашето знаење, бидејќи тоа е поткрепено со искуство и со мудрост, кои треба да им бидат патоказ на младите во работата и во животот.

Мендо Димовски



# Во земјата на лалињата

Кога првпат ја видов Холандија, се одушевив, иако во оваа моја трета доба, како пензионер, тоа чувство ретко ме опфаќа. Првото одушевување од Холандија, со годините, се претвори во почит кон еден скромен, вреден, дисциплиниран и работлив народ. Холанѓаните се гордеат со тоа дека се луѓе што цврсто стојат на земја и на еден дискретен начин се гордеат со сè што изградиле и создале со макотрпна работа. Вистинити се приказните дека една третина од земјата ја зеле од разбранетото и студено море, кое е дел од нивната татковина.

Амстердам, главниот град на земјата на лалињата, почнува од морето, од Северно Море, како што си го викаат Холанѓаните, а каналите како гранки од огромно дрво се насекаде низ градот. Ветрот, кој речиси постојано дува, или подувнува, го носи мирисот на морето низ целиот град. Од централната станица се простира голем, стар и преубав мост, а близу до него се извишува стара црква и широк булевар што води кон градот. Зеленилото и цвеќето се како под конец подредени, за наше око сè е премногу чисто. Улиците, и големи и мали, и тесни и широки, сите убави. Старите згради се типични за нивната архитектура, а новите навистина се многу атрактивни.

И насекаде многу луѓе. Стари, млади, деца, бели, помалку бели, црни, темнокоси, русокоси, со коси или светли очи, различни а сепак исти.

Веднаш паѓа в очи дека од реката луѓе што одат низ градот и уживаат во него има многу луѓе од третата возраст. Овој впечаток ме следи секогаш кога сум овде. Возрасни жени во розови фустани и ѓерданчиња, а мажи на слични години со велосипеди и спортски капи, а само понекој ги шета своите внуци. Повеќето од нив едноставно се опуштаат и шетаат низ многубројните прекрасни паркови на топлото сонце, кое во оваа земја ретко го има.

> Секој холандски државјанин, маж или жена, со навршени 65 години има право на социјална пензија, независно дали во животот бил вработен или не

Покрај со природните убавини, Амстердам пленува со своите музеи, со новите градби, старите цркви, концертните сали, библиотеките, огромниот нов стадион на Ајакс, со убаво уредените ресторани и мали кафулиња... За разлика од Амстердам, малите гратчиња се приказна за себе, толку се подредени, уредни, во цвеќе и зеленило, тивки и спокојни, како и самите нивни жители. Кога често си таму, имаш впечаток дека сите работат по цел ден, а тоа делумно е и точно. Работат младите, но и старите, мислиш работат сите!

Холандија во минатото била моќна колонијална држава, а трговскиот дух на земјата и денес е двигател на севкупниот живот. Холандија е кралство, но со земјата управуваат владата и сенатот, на чело со премиерот. Таа е социјална држава во вистинската смисла на зборот, зашто големите даноци на приходите на нејзините државјани се трошат за потребите на сите, во сите области на општествениот живот. Социјалната помош на невработените се движи од обезбедување скромни станови со минимална кирија до парични средства доволни за секојдневен живот. Самохраните мајки добиваат детски додаток, а во градинките и во училиштата плаќаат минимална сума од трошоците. Социјалните служби нудат соодветна работа за невработените, а работниот век за сите вработени е до 65 години, иако се зборува дека оваа граница ќе се помести на 68 години. Висината на пензијата е 70 отсто од просечната плата на корисникот. Секој има право и на основно здравствено осигурување. Секој холандски државјанин, маж или жена, со навршени 65 години има право на социјална пензија, независно дали во животот бил вработен или не. И со таа пензија може да се покријат основните трошоци на корисникот, а тој/таа има право на основно здравствено осигурување. Луѓето што заработувале повеќе и внесувале повеќе во својот пензиски фонд имаат можност да користат поскапи здравствени услуги.

Популацијата од таканаречената трета доба може да ги користи услугите на многубројните пензионерски или домови за стари луѓе, кои се разликуваат според условите за живот во домот и услугите што ги нудат и даваат. Секако, се разликуваат и во цените. Да спомenam дека на пензионерите им се нудат многу поволни кредити за купување мали станови во одредени делови од земјите од ЕУ (Шпанија, Португалија, Италија, Грција), кои нудат поблагопријатни климатски услови за живот за постарите луѓе. Сето ова е еден дел од животот и состојбите во Холандија, земјата на лалињата. Факт е дека помалку или повеќе секое општество се грижи за благосостојбата на својата повозрасна популација, но во Холандија мислам дека грижата за луѓето од третата доба може да служи за пример. За пример има, се разбира, и многу други работи!

> Првпат во историјата на пензионерското организирање во Македонија беше воведена функцијата потпретседател на собранието на СЗПМ и беше избран пензионер од друга националност

# Резултатите над

За СЗПМ 2011-та беше карактеристична и значајна година поради многу нешта. Во 2011 година се одржаа избори во здруженијата и во сојузот. Беа избрани нови органи во здруженијата на пензионерите низ републиката, а новиот состав на собранието на сојузот на 31 март ги избра статутарните органи на сојузот. Едновремено беше донесена и програмата за работа на сојузот за 2012 година, а усвоен беше и новиот статут на сојузот, по претходна широка јавна расправа на сите нивоа. Во врска со ова значајно е да се обележи дека првпат во историјата на пензионерското организирање во Македонија беше воведена функцијата потпретседател на собранието на СЗПМ и беше избран пензионер од друга националност. Во 2011 година СЗПМ ги прослави и 20-годишнината од прогласувањето на самостојна и независна Република Македонија и пензионерскиот јубилеј 65 години од пензионерското организирање во Македонија. И двата јубилеја сојузот ги одбележа на достоинствен начин, со низа манифестации и свечености што ги организираа и реализираа здруженијата на пензионерите низ републиката, како и со свечена академија на 20 септември, Денот на пензионерите во Македонија. Свечена академија се одржа во Домот на АРМ во Скопје, под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов. Со овој чин претседателот на државата на пензионерите им направи чест и покажа почит кон нивниот придонес во изградбата на државата и нивните актуелни животни потреби. На свечената академија на присутните им се обратија претседателот на републиката, д-р Ѓорге Иванов, министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски.

Пораките што тие ги упатија во своите обраќања внесоа нов оптимизам за стабилност во одржувањето на материјалната состојба на пензионерите и гаранција дека пензионерите ќе си го заземат местото во општеството што го заслужуваат како ветерани на трудот. На свечената академија имаше високи гости, претставници од сите здруженија и органи на СЗПМ, како и гости од странство и тоа од: Словенија, Хрватска, Србија, од европскиот институт „Хеврека" од Љубљана и други.

Во извештајот на СЗПМ за 2011 година беше истакнато дека економските состојби во окружувањето и во Република Македонија на повеќе општествени полиња извршиле влијание и врз состојбата во пензионерскиот живот и стандард.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како невладина, неполитичка и меѓуетничка организација и во 2011 година продолжи со својата успешна активност. Беа одржани четири седници на собранието и девет седници на извршниот одбор. На седниците на собранието на СЗПМ главно беа разгледувани статутарни и нормативни прашања, програмски задачи, информации за различни аспекти од реализацијата на програмата, општественото живеење и стандардот на пензионерите, материјалните прашања, финансискиот план и неговата реализација и друго. На девет седници на извршниот одбор главни теми за претрес, расправи и дискусии беа различните иницијативи, сугестии, предлози, извештаи, планови, програми, информации, одѕиви на иницијативи упатени до различни државни и други субјекти и сл.

Извршниот одбор организира и една расправа со претставници на сите здруженија на пензионери од републиката во врска со прашањата за реализација на програмата за работа за 2011 година, а кон крајот на годината и за основите, методологијата и содржината на програмите за работа за 2012 година.

Соработката на СЗПМ со државните и други органи на Владата, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, Фондот за здравство, Фондот за ПИОМ, како значајна содржина на работа беше забележлива во целата 2011 година. Исто така, продолжи и соработката со пензионерски организации од некои соседни земји, Албанија, Србија, Хрватска, Словенија и Бугарија, а се очекува нејзино проширување во текот на наредните години.

Реализацијата на традиционалните активности на СЗПМ во организирање на масовните активности продолжи и во 2011 година. Шеснаесеттите пензионерски спортски игри во осумте региони во републиката се одржани од 20.5.2011 до 26.6.2011 година, во целосна координација на организацискиот одбор и на комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ, во различни термини во сите осум региони. Првпат на свеченото отворање говореа седум градоначалници на општините-домаќини, што укажува на зголемената соработка на здруженијата со локалната самоуправа. На регионалните спортски натпревари во 2011 година учествуваа 48 здруженија на пензионери, од кои 46 старосни и две здруженија на инвалидски пензионери.

Во 2011 година се одржаа и деветтите регионални ревии на песни, музика и игри, фолклорно-уметничките музички исполнувања на пензионерите од Репуб-



## ТЕТОВО

# Активностите во функција на опреде

Здружението на пензионери во Тетово е едно од најмасовните, со 11.700 члена, организирани во 21 разгранок на целото подрачје на Долни Полог. Програмските содржини и нивната реализација се базираат на желбите и определбите на членството, со основна определба што е можно повеќе од финансиските средства што се акумулираат во здружението по која било основа, да се вратат низ активности и низ други форми на пензионерите. Оваа определба доби целосна поддршка на отчетната годишна седница на собранието што се одржа на 24 февруари, а во чија работа учествуваа Драги Аргировски и Бесник Поцеста, претседател и потпретседател на СЗПМ, како и гости од здруженијата на пензионерите од Ѓорче Петров, Сарај, Тафталиџе, Гостивар и од Дебар.

И во извештајот за едногодишната работа, како и во дискусијата на повеќемина присутни, беше оценето дека се остварени значајни резултати што ја чинат основата на програмата за работа во тековната година. Меѓу другото, тетовските пензионери се залагаат за благовремено усогласување на пензиите, за бенефициран однос во снабдувањето со лекарства и за целосна здравствена заштита на пензионерите и сите стари луѓе.

Покрај другите активности во текот на 2011 година, Здружението организира екскурзии во Охрид, Струга, Струмица, Битола, Берово, Гевгелија, потоа во неколку града во Косово, како и во Поградец, Корча, Тирана, Драч и неколку други места во Албанија со учество на околу 600 пензионери. На овие екскурзии пензионерите се запознаваа со знаменитостите, историското минато, природните убавини, културното наследство и друго. Овие екскурзии ќе продолжат и во 2012 година во соработка со здруженијата каде што ќе се гостува, а со критериуми што обезбедуваат опфат на што повеќе пензионери.

Тетовските пензионери даваат значаен придонес и во фолклорните ревии, при одбележување празници и значајни датуми и други форми на дружење и рекреирање. Во сферата на спортот се остваруваат значајни резултати. На сите досегашни 16 републички спортски натпревари учествуваа тетовски пензи-

# очекувањата

лика Македонија. Ревиите се одржаа во организација на организацискиот одбор на СЗПМ и комисијата за културно-забавен живот, во пет региони на државата: во Валандово со учество на седум здруженија на пензионери, во Скопје со 13, во Крива Паланка со девет, во Кичево со седум и во Македонска Каменица со шест здруженија. Вкупно се претставија 43 пензионерски здруженија, петпати повеќе во однос на првата ревија одржана во Пробиштип во 2003 година, на која учествуваа само девет здруженија.

Во 2011 година Правно-економскиот форум на ИО на СЗПМ оствари плодна активност. Форумот ги разгледуваше прашањата од социоекономскиот комплекс значаен за пензионерите, како и согледувањата за реализација на државната стратегија на Македонија за стари лица за период 2010-2020 година, а во неа посебно внимание се посветуваше на социјалните и на економските права на пензионерите, потребата за изградба на домови за стари лица, помош на пензионерите со ниски пензии и други прашања.

Со други зборови, активно работеа сите тела и комисии на ИО на СЗПМ. Притоа посебно внимание се обрќаше на информирањето на пензионерите. Во изминатата 2011 година комисијата за информирање на ИО на СЗПМ главно беше ангажирана и ориентирана за афирмација на активностите на сојузот во целина, поттикнувајќи го решавањето на проблемите на пензионерското организирање и живеење, како и запознавање на пошироката јавност со активностите на здруженијата и на сојузот. Во текот на годината продолжи издавањето на месечниот весник „Пензионер плус“, повремено со зголемен број страници и редовно поместен на веб-страницата на СЗПМ. Значајно е да се напомене дека од 20 септември 2011 година почна објавувањето на една страница на албански јазик, а прилог за пензионерите во соработка со СЗПМ почна да излегува и во „КОХА“.

Работата на СЗПМ беше повеќепати предмет на анализи во јавните печатени и електронски гласила во Македонија. Во печатените медиуми се појавија дваесетина написи, кои третираа прашања од интерес за пензионерите, а такви теми имаше и во емисиите посветени на пензионерите и на неколку ТВ-куќи, во МТВ, Алфа и други.

Надзорниот одбор на собранието на СЗПМ одржа четири седници на кои вршеше надзор и контрола за наменско користење и располагање со имотот и средствата на сојузот и утврди дека работењето било домаќинско и според законите.

Заклучок од двете седници, на извршниот и на собранието на СЗПМ, кои се одржаа на 21 февруари и на 29 февруари, е дека резултатите се над очекувањата, благодарение на новоизбраните раководства, како и на сите здруженија-членки на сојузот. Се разбира дека секогаш може да биде подобро. Тоа е предизвик и цел за остварување во 2012 година.

К.С. Андонова



# Борбата за името како преокупација



**Пет години сум пензионер и исто толку поактивно се занимавам со обраќања до јавноста преку отворени писма, вели Томе Зимбаков, бивш претседател на Друштвото на правници на Македонија**

Меѓу пензионерите има многу мудри и образовани луѓе, вистинско богатство за општеството. Секоја шанса да ги откриеме ја користиме целосно и веднаш ве запознаваме со нив. Еве уште една таква можност.

Неодамна во СЗПМ се сретнавме со Томе Зимбаков, правник во пензија, бивш претседател и почесен член на управниот одбор на Друштвото на правниците на Македонија. Неговото име бездруго ќе ви прозвучи познато и од дневниот печат, каде што често се обраќа, а повремено се објавуваат делови од неговите отворени писма на тема „Нема правна основа за промена на уставното име Република Македонија“. Неговите написи се од аспект на правната норма, колку таа се почитува, колку не. Уште во почетокот од разговорот со Томе Зимбаков разбравме дека тој продолжил и во пензионерските денови да се занимава со правото - неговиот животен позив. Тоа веднаш и ни го потврди отворајќи ја темата „Името“ и додаде:

- Немам чувство дека со пензионирањето нешто се сменило, престанало. Се стекнав само со уште еден статус - пензионер.

Самото животно искуство, животниот пат, образованието, статусот на правник со сите положени испити, правосудни, нотарски... е повеќе од доволно за да продолжи човек да се занимава со правото.

- Речиси цел живот сум член на Друштвото на правниците на Македонија, во еден период и претседател - продолжува да говори Томе за себе и својата стручна подготовка.

Нè интересираше каде го поминал Зимбаков својот работен век.

- Имам практика како правник во стопанството од 18 години. Без директор на правната служба и заеднички работи во ОХИС, потоа во „Техногас-Скопје“, пет години директор на правната служба, оттаму три години како адвокат, па пет години како помошник-министер за правни работи во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и, на крајот, во семејната фирма „Солопром“. Пет години сум пензионер и исто толку поактивно се занимавам со обраќања до јавноста преку отворени писма.

Го прашавме и зошто го користи ваквиот начин на обраќање и која му е целта.

- Па, последното е објавено во „Дневник“, кон крајот на минатата година, кое го нареков „Правно силувана“ и го упатив до претседателот на Друштвото на правниците на Македонија, Тито Беличанец, го молам, а сакам и да го принудам, по сила на функцијата што ја има, да почне дебата пред членството на ДПМ на тема „Нема правна основа за промена на уставното име Република Македонија“. Во него јавно го поставувам прашањето со што заслужи Македонија пред очите на целата светска и европска јавност да биде правно силувана и да биде зацементиран нејзиниот прием во ЕУ и во НАТО.

На што се должат овие ваши заложби, не е тешко да се претпостави, па, сепак, да им објасниме на читателите.

- Сегментот на правната норма, на владеењето на правото, почнувајќи од државното уредување устроено со Уставот од 1991 година и сите законски акти, па до темелот на постоењето на правото, сè е моја преокупација. Судбината сакала да се занимавам со еден апсурден спор што го наметна Република Грција за нашето членство во НАТО и во ЕУ. Како? Постојано пишувам и, како што ви реков, сакам Друштвото на правниците како една специјализирана граѓанска невладина организација да отвори дебата на таа тема. Случајно или не, седиштето на друштвото се наоѓа на Правниот факултет. Професори од овој факултет беа во стручниот тим при расправата по спорот на Република Македонија пред Меѓународниот суд во Хаг и се покажа како исправна мојата теза дека прашањето за промена на името на Р. Македонија за нејзиното членство во ЕУ и во НАТО е правно прашање, многу добро уредено со меѓународното право и националните права на секоја држава. Токму тоа ги обврзуваше 16-те врвни правници од светот да го почитуваат владеењето на правото како темелна претпоставка за демократското владеење во 21 век. Сè друго е гола политика или владеење на посилниот.

За читателите на весникот, Томе Зимбаков сакаше да ни открие уште една своја љубов - агрокомплексот. Го прашавме на крајот дали за тоа беше пресудно што еден период работел во Министерството за земјоделство.

- Потекнувам од струмичко Босилово, каде што фамилиите Зимбакови со векови биле земјоделци. Поради нив сакав таму да работам, да пишувам закони со кои ќе им се обезбедат сите права, како на сите луѓе во светот.

Цветанка Илиева

СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ЗП „СОЛИДАРНОСТ - АЕРОДРОМ“

# Респектабилна и цврста организација

Собранието на здружението на пензионери „Солидарност - Аеродром“ од Скопје, на 23 февруари, одржа свечена седница, која ја отвори претседателот на извршниот одбор Димитрија Богатиноски, кој поздравувајќи ги учесниците и гостите го нагласи поводот - одбележувањето на 65-годишнината од пензионерското организирање во Република Македонија и изрази посебно задоволство што нивното здружение, со забележителни резултати и позитивни успеси во финансиското работење, се вклучува во ваквата републичка манифестација.

На свечената седница се обрати и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, и говореше за значењето на јубилејот и меѓу другото рече дека обединети во Сојузот на здруженијата на пензионери со над 245.000 члена, денес СЗПМ е најголемата невладина и неполитичка организација во Македонија. Тој истакна дека Сојузот со својата богата и квалитетна програма, со целосната посветеност на работата и практичното дејствување постигна забележителни успеси во остварувањето на поставените цели и се наметна како респектабилна и цврста организација, чиј рејтинг постојано се зголемува. Во прилог на позитивните постигнувања претседателот Аргировски ја истакна и иницијативата за донесување посебен закон за пензионерите, за што СЗПМ доби согласност и поддршка од министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. Во чест на јубилејот, за постигнатите успеси тој му врачи благодарница на здружението, а за посебни заслуги во формирањето и дејствувањето и за успешната соработка со СЗПМ благодарница му врачи и на претседателот на извршниот одбор Димитрија Богатиноски.



Посебно значење за овој настан претставуваше присуството и обраќањето на генералниот директор на Фондот на ПИОМ, Беким Незири, бидејќи првпат во историјата на СЗПМ функционер од таков ранг присуствува и учествува на ваква седница. Искажувајќи го задоволството за поканата и заблагодарувајќи се на благодарницата, која му беше врачена како признание за добрата соработка и за помошта од Фондот, директорот Незири ја изрази подготвеноста за поинтензивна и понепосредна соработка, како и за помош на сите здруженија на пензионери во Републиката во сите сфери на работата. По повод јубилејот, благодарници им беа врачени на истакнати поединци и на организации, меѓу кои и на претседателот на СЗПМ, на претседателот на Градскиот сојуз на ЗП, на градоначалникот на општината Аеродром, на Црвениот крст, на Сојузот на борците, на повеќе здруженија на пензионери и на други институции.

М.Д.

# елбите на пензионерите

онери-спортисти, кои дури 10 пати биле прогласувани за севкупни победници, а на регионалните секогаш биле апсолутни победници.

Во ЗП-Тетово посебна грижа се води за пензионерите со најниски приходи, со минимални пензии. Најмасовна форма на помош се еднократните финансиски средства што минатата година им биле доделени на 120 пензионери, во вкупен износ од над 550.000 денари.

Потребно внимание му се посветува и на информирањето. Редовно добиваат „Пензионер плус“, „Коха“ кога содржи прилог за пензионерите и „Нова Македонија“ кога излегува прилогот посветен на пензионерите „Пензионерски видици“. Седниците на органите и телата во здружението секогаш се отворени. Достапни се за сите локални информативни средства. Во информирањето се користат и огласните табли, а често во функција на информирање се и делегатите во собранието и другите активисти во сите пензионерски средини.

Во здружението и натаму се негува формата на солидарно осигурување на брачни другари на пензионери, се координираат активности со бањските одморалишта во земјата, се остваруваат тесни врски со органите на локалната самоуправа и НВО, а сè со цел што е можно повеќе да им се помогне на пензионерите да имаат што посодржаен и поквалитетен живот.

Гојко Ефтоски, претседател на собранието на ЗП-Тетово



ОДРЖАНА 17-ТА ХУМАНИТАРНО-ЗАБАВНА МАНИФЕСТАЦИЈА „БЛАКЦЕТО НА БАБА“

# Активно стареење со оро и пеење

Над 500 пензионери од дваесетина здруженија присуствуваа и се забавуваа на хуманитарно-забавната манифестација „Блакцето на баба“, што се одржа во мотелот „На Велешко“ (Езеро) на 25.2.2012 година.

Преубавата езерска околина, облеана со топли сончеви зраци, дополнително им внесе енергија, човекољубивост и хуманост на учесниците, што ја направи манифестацијата уште поблагородна и позабавна од посакуваното.

Покрај доброто расположение, поддржано од добрата музика и песните на „Кајшар бенд“, големо воодушевување предизвика и прекрасната интерпретација на повеќе песни од страна на талентираното 12-годишно момче од Велес, Александар Темелков, идната музичка ѕвезда на Македонија.

Иако во почетокот на текстов почнавме со забавата, не треба да се заборави дека брендот на оваа манифестација е традиционалното приготвување разни слатки и блакца, а сè под мотото „Блакцето на баба“. Имено, уште од средината на деведесеттите години на минатиот век, велешките пензионерки се собирале во разни кафулиња за да ги продолжат „излегувањата“ во град што ги правеле додека активно работеле. Меѓу другото, на тие средби и седенки им дошло идеја преку Здружението на пензионерите да го презентираат она што го научиле од своите баби. По предлог на раководството на Активот на жените (Лилјана Андреевска, Живка Илиевска, Неделка Ѓорѓиева и др.), почнале еднаш годишно секоја пензионерка да презентира по еден вид традиционално македонско благо (слатко) на манифестација од поголем формат.

Од пред 16 години ваквата манифестација добива и хуманитарно значење. Манифестацијата е наречена „Блакцето на баба“, а нејзина „кума“ е новинарката Убавка Јаневска.

На оваа манифестација учествуваат не само пензионерки од Велес туку и од цела Македонија. Пензионерките учествуваат со „свои производи“, а најдобрите дегустатори се присутните неколку стотици пензионери.

За да не се заборави ова традиционално приготвување на разни блага, раководството на ЗП-Велес донесе одлука за прв пат (но не и последен) да се издаде Прирачник со рецепти од „Блакцето на баба“. Во „првороденит“ прирачник беа поместени над 100 рецепти од 82 авторки, членки на 18 здруженија. За жал, поради несигурните временски услови во западниот дел на Македонија, неколку здруженија на пензионери го откажаа учеството. А најмногубројни беа авторките од Радовиш со над 40 рецепти, а „најхрабри“ беа „колешките“ од ЗП-Гостивар, Кичево и од Тетово, кои веруваа во убавото време.

Покрај домаќинот Љубомир Ѓорѓиев, претседател на ЗП-Велес, присутните ги поздрави и Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, како и градоначалникот на општината Велес, Горан Петров.

Прирачникот „Блакцето на баба“ го промовира професорката Нада Алексоска, која, меѓу другото, рече: „...за да не се заборави дел од македонската традиција, направивме збирен прирачник во кој се поместени – напишани стотина рецепти. Некој учен рекол само оние што засадиле дрво или напишале книга и по нивната смрт ќе живеат на планетата Земја“.

И на крајот, со скромната сума финансиски средства собрани на оваа манифестација пензионерите ја покажаа својата благородна душа и огромна љубов кон внучињата. Претседателот на ЗП-Велес, Љубомир Ѓорѓиев, во нивно име му ги подари парите на дванаесетгодишниот Петар Карастојанов, кој боледува од церебрална парализа. Примајќи ја помошта, со солзи во очите, неговата баба тихо изговори: „Ова е прва хуманитарна помош за нашиот болен внук. Големо благодарам, Господ да ве благослови“:

д-р Веле Алексоски

# Бабите и дедовците да се вклучат во сексуалното образование на внуците

Бабите и дедовците да се вклучат во сексуалното образование на своите внуци, сè со цел да се спречи неинформираноста на децата и да ги сознаат вистинските позитивни и негативни страни, бидејќи на интернет-страниците владее страшна порнографија.

Сексуалното образование, како и неговото значење, беше минатонеделната тема на која дискутираа членовите на Здружението на пензионери-интелектуалци на Скопје (ЗИПС).

Сите присутни пензионери се согласија дека сексуалното образование е потребно во училиштата, но тоа не може да го предава човек со еден профил, тој што ќе предава треба да ја знае психологијата на децата за да може да се доближи до него, не да го исплаши и да создаде одбивност за детето да не сака да има брак.

- Бабите и дедовци на своите внучиња, кои треба да влезат во сексуалниот живот, треба да им ги објаснат и позитивните и негативните страни. Сето тоа треба да биде пренесено на убав начин за дечињата да не добијат страв и да не се нарушува рамнотежата во општеството – вели Грозда Данева, претседателка на здружението.

Нивната помош да се движи во насока да им се помогне на дечињата во односа на тоа што може да ги снајде ако не внимаваат, бидејќи понатаму со текот на годините се јавуваат низа проблеми, како трауми и психички проблеми, кои доведуваат до семејни проблеми, а со тоа и до нарушување на општеството.

Александар Поповски, по струка биолог, кој има издадено неколку книги за сексологијата, вели дека во ова време кога на Интернет и на телевизија се даваат секакви порнографски содржини потребно е да се најде начин да им се пренесат корисни совети, кои ќе бидат поучни за дечињата.

Тој вели дека анкета од 1973 година, направена во средните училишта, покажува дека најмногу ученици влегле во сексуални односи на 16 години, додека иста таква анкета направена во 1994 година покажала дека границата за почнување со сексуални односи е симната на 15 години. Во моментов Поповски вели дека таа граница е симната на многу ниско ниво.

Друго истражување направено пред 30 години покажало дека 60 отсто од жените имале инфективни заболувања, додека сега таа бројка била државна тајна.

Поповски, како сексолог, вели дека во училиштата нема кој да ги насочи децата, како и дека самите тие се срамат да зборуваат на оваа тема, што понатаму доведува до примери каде што децата имаат сексуални проблеми на осум или на десетгодишна возраст.

Сите се согласија на своите внучиња да им пренесат корисни совети за да знаат што ги очекува и на што треба да внимаваат во однос на сексуалното образование.

Во однос на ова беше кажан и виц, кој може да биде поучен и за старите и за младите.

– Оди баба во аптека и вели дајте ми антибеби-пилули за глава, и продавачката и вели - бабо тие не се за глава, а бабата одговара - ти дај ми мене од тие апчињата, па јас им давам една на внуките пред да одат во град, а потоа мене не ме боли глава. Пензионерите-интелектуалци сакаат да го дадат својот максимум, како и своето знаење, за да се помогне во општеството. Нивните теми за разговор се секогаш различни, мото според кое се водат е мудроста и потенцијалот да бидат искористени до крај и се стремат кон тоа да ги спојат младоста и еланот од една страна и искуството од друга страна за да се создадат правилни животни навики. Здружението на пензионери-интелектуалци е формирано во 2009 година и во него има околу 180 пензионери - дипломирани професори, правници, доктори, глумци.

Маја Трајковска

## *Пред огледалото*

*Стојам пред своето минато*
*како пред огледало*
*лик познат што ме гледа,*
*многу бранови околу,*
*немам избор, трасирана патека само.*

*Стојам пред својата душа*
*како пред огледало,*
*ја препознавам, моја е,*
*растргната,*
*како козја кожа на штавење,*
*со безброј пипки, сите да ги допрам,*
*да ги почувствувам.*

*Стојам пред својата свест*
*како пред огледало,*
*извор, бура до неа.*
*Ја скротувам со безброј раце*
*Ја притискам, ја обгрлувам,*
*не ѝ давам да се соголи,*
*со рувo ја прекривам, мир да ѝ создадам,*
*да ја успијам сакам*
*да е спокојна, да е моја.*
*Стојам пред својата иднина*
*како пред огледало,*
*рамнодушност ме облева*
*не сакам да знам што следи.*
*Скалилата пред мене*
*налегнати се,*
*тапкам по нив и резимирам.*
*Среќна сум што собрав сила*
*да се соочам со минатото,*
*со сопствената душа,*
*со совеста,*
*да ѝ го отворам патот на иднината*
*таа знае каде да се движи.*

*Застанав пред огледалото,*
*ги премачкав усните со нов кармин,*
*само така личам на себе.*



***Душка Гиевска,***
***пензионерка од Куманово***
*Од збирката „Приказна од оваа страна на љубовта“*

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат:
Калина Сливовска Андонова и Мендо Димовски од СЗПМ и
Александар Димковски и Марјан Делевски од „Нова Македонија“

ФОТО ВЕСТ



# Како пензионерките го одбележаа 8 Март

Со низа пригодни манифестации и пензионерките од Македонија го одбележаа Меѓународниот ден на жените, 8 Март. Со години тие организираат достоинствено чествување на празникот, но и поддршка на борбата за родова еднаквост во земјава.

И годинава се организираа меѓусебни другарувања, изложби, поетски средби, седенки и хуманитарни акции. Во одбележувањето на 8 Март се вклучија пензионерките од здруженијата на пензионери – Карпош-Скопје, Велес, Охрид, Неготино, Кочани, Центар-Скопје и други.

На повеќето осмомартовски средби присуствуваа и градоначалниците, кои им го честитаа празникот на своите повозрасни сограѓанки. Така беше во Неготино и во Охрид. Во Охрид градоначалникот на сите присутни пензионерки им подари и по еден каранфил.

Насекаде атмосферата навистина беше опуштена и весела, расположението исто така. На сите средби се пееше и играше, но и се разговараше за низа семејни и општествени теми.

Ц.С.